РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-508/1
26-01-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на 80-та седница одржана на ден 18.01.2023 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката на ДКСК по предмет број 08-5090/1 од 15.11.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ________________________, член на ______________________________, СЕ ЗАПИРА.

Се констатира дека по издадениот прекршочен платен налог број бр.08-9159/2 од 04.11.2022 година е постапено од страна на именуваната, односно е платена половина од утврдената глоба во истиот.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека лицето _________________________ со решение број 40-1288/1 од 23.02.2021 година е именувано на должноста член на _________________________________ и дека во законски утврдениот рок по именувањето на функцијата не поднело анкетен лист.

ДКСК на наведеното лице му издаде прекршочен платен налог за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваната во законскиот рок е постапено по издадениот прекршочен платен налог односно е платена половина од утврената глоба.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил:А.Ч.
Одобрил: м-р Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

Република Северна Македонија — Државна комисија за спречување на корупцијата — Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut — Komisioni Shtetëror për Parandalim të Korrupsionit — Shkup

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Владимир Георгиев**

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr31, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk